Врз основа на член 387 од Законот за трговските друштва (Сл.весник на Р.М. бр.28/04) и одредбите од Статутот на РЖ ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА АД Скопје, Одборот на директори, објавува

# ЈАВЕН ПОВИК

## *За учество на годишно Собрание на друштвото*

Седницата на Собранието на РЖ ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА АД Скопје ќе се одржи на ден 06.07.2021 година (вторник) во просториите на РЖ ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА АД Скопје, ул.16-та Македонска бригада бр.18 во $12^{00}$ часот. Собранието на седницата ќе работи по следниот:

## Дневен ред

**I. Процедурален дел**

- Утврдување на кворум за работа
- Избор на Претседавач на Собранието;
- Избор на бројач на гласови и
- Записникот ќе го води Нотар.

**II. Работен дел**

1 Усвојување на записникот од последната седница на Собранието на акционерите;
2 Разгледување и донесување на Одлука за усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи, годишниот извештај, ревизорскиот извештај и извештајот на внатрешната ревизија за работата на Друштвото за 2020 година;
3 Расправа и донесување Одлука за одобрување на работата и за водењето на работењето на друштвото од страна на членовите на Одборот на директори (оваа расправа е поврзана со претходната точка на дневниот ред);
4 Донесување на Одлука за распределба на остварената нето добивката утврдена со годишна сметка за деловната 2020 година;
5 Донесување на Одлука за распределба на дивиденда;
6 Донесување на Одлука за избор на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на друштвото за 2021 година;
7 Донесување на Одлука за доделување на паричен надоместок на членовите на одборот на директори;
8 Донесување на Одлука за отповикување на членови на Одборот на директори и
9 Донесување на Одлука за избор на членови на Одборот на директори

Во работата на Годишното собрание можат да учествуваат и да ги остваруваат своите права и интереси сите акционери лично или преку овластени претставници и застапници именувани за остварување на сите или извесни права на управување со полномошно за застапување.

Гласањето на Годишното собрание може да се врши од акционерот лично или од полномошникот на седницата.

Материјалите за работа на седницата на Годишното собрание ќе бидат ставени на увид од денот на објавата на јавниот повик, секој работен ден во просториите на РЖ ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА АД Скопје, од $12^{00}$-$14^{00}$ часот, што се наоѓа на ул. 16-та Македонска бригада бр.18.

Официјалната интернет страница на друштвото е **www.rztk.com.mk**.

**РЖ ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА АД Скопје**
**Одбор на директори**